**ТАНЦОВА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# ПРАВИЛНИК ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ЧЛЕНОВИ НА ТСФМ

Член 1

Со овој правилник се уредува содржината, податоците за личноста, образецот и начинот на водење на книгата за членови на ТСФМ.

Член 2

Книгата на членовите е составен дел од основните записи што ги води Танцовата Спортска Федерација на Македонија (во натамошниот текст: ТСФМ).

Книгата на членови се состои од регистратор со голем број на идентични записи, направени на бела хартија, список за преглед на членови на ТСФМ и збирка на документи.

Насловната страница на книгата на членовите има натпис: „Книга на членови“, името на Националната Федерацијата и логото на Федерацијата, отпечатена е заедно со овој правилник, во Образец 1 и претставува негов составен дел.

Евидентен лист на членови на ТСФМ – ПРАВНИ ЛИЦА е отпечатен во овој правилник, на Образец 2 и е составен дел на истиот.

Евидентен лист на членови на ТСФМ – ФИЗИЧКИ ЛИЦА е отпечатен во овој правилник, на Образец 3 и е составен дел на истиот.

Член 3.

Секој член на ТСФМ има свој евидентен лист.
Секој евидентен лист има свој број, а броевите на евидентните листи континуирано се продолжуваат низ целата книга на членови.
Евидентните листови се заверени со печат и потпис на ТСФМ.

Член 4

Евидентниот лист содржи колони во кои се внесува редниот број на листот, датумот на внесување на податоците во евидентниот лист, изворот на податоците, како и колоните во кои се наоѓаат податоци за членот на ТСФМ од став 2 и 3 на овој член.

За правно лице, член на ТСФМ во евидентниот лист се запишуваат следниве податоци:

1. назив на Танцовиот Спортски Клуб (целосен и скратен);
2. седиште на ТСК (општина, улица и број);
3. матичен број;
4. даночен број;
5. адреса на е-пошта
6. веб-адреса
7. трансакциска сметка во банка;
8. наменска сметка во банка
9. Број за контакт
10. впишување во Централен регистар: број и датум на решението за запишување во надлежен регистар
11. вид на Здружение – спортско здружение, спортско друштво, друго здружение, федерација од областа на спортот, друга организација;
12. шифра на дејност
13. датум на усвоен статут;

14. Претседател на ТСК : адреса на живеење, број на л.к., број на мобилен, е-пошта
15. број на вработени во ТСК – вкупен број на невработени; вкупен број на вработени; број на вработени на неопределено, определено време или со договор; број на вработени со високо образование; број на враотени со средно образование; број на вработени според законот за спорт
16. датум на прием во членството на ТСФМ;
17. датум на престанок на членството во ТСФМ;
18. изречени дисциплински санкции;
19. Напомена.

За физичко лице, член на ТСФМ / ТСК во евидентниот лист се запишуваат следниве податоци:

1. име, име на татко и презиме;
2. датум на раѓање;
3. матичен број
4. државјанство;
5. адреса на постојан или привремен престој;
6. број на мобиен за контакт;
7. број на личен документ што служи како средство за идентификација;
8. Избор во телата на ТСФМ: датум на избирање, датум на престанување;
9. датум на членство;
10. Вид на членство;
11. Состојба во ТСК;
12. Ангажман во ТСК;
13. изречени дисциплински санкции;
14. датум на престанок на членството;
15. Напомена

Член 5

Во книгата на членови на ТСФМ се внесуваат и промените на податоците од член 4 на овој правилник.
Промената на податоците се врши со нов евидентен лист за членот, кој го содржи основниот број на еидентниот лист и редниот број на промена (број на листови ххх / х), а стариот евидентен лист е внесен во збирката на документи.
Членот на ТСФМ е должен да достави било каква промена во податоците што се чува во книгата на членовите на ТСФМ, најдоцна седум дена од денот на нејзината промена.

Член 6

Личните податоци од член 4 на овој правилник можат да бидат достапни на трети лица согласно Законот за спорт.

Член 7

Збирката на документи содржи документи врз основа на кои се утврдени податоците за членот на ТСФМ кои се внесени во книгата на членови.

Член 8

Полињата во евидентниот лист се пополнуваат читливо со печатни букви или на компјутер и внесениот текст не смее да се коригира и брише.

Член 9

ТСФМ води книга на членови по службена должност.
Податоците за книгата на членовите се собираат од членовите на ТСФМ.
Лица кои поднесуваат барање за членство во ТСФМ, заедно со тоа барање до ТСФМ се доставуваат и податоците наведени во член 4 од овој правилник.
ТСФМ може да формира посебен прашалник за доставување на податоци наведени во член 4 од овај правилник.

Член 10

Потврда за податоците од книгата на членови се издава на писмено барање на членот на ТСФМ и надлежна меѓународна спортска федерација, во согласност со законот, наведувајќи ги причините за кои ќе биде искористен.
Податоците од потврдата можат да се користат само за целите наведени во барањето и тоа во оригинална форма, и може да се објавуваат или копираат, ниту да се даваат на други лица.
Потврдата од ставот 1 на овој член се издава во писмена форма и содржи податоци од книгата на членови, датумот на издавање на потврдата и датум на последното ажурирање на податоците во книгата на членови.
ТСФМ е одговорна за идентитетот на податоците наведени во потврдата од ставот 1 на овој член, со податоци добиени од книгата на членовите.
ТСФМ ќе ги стави на располагање податоците од член 4 на овој правилник на Агенцијата за спорт и млади кое е одговорно за спорт на негово барање, заради остварување на надлежностите на тоа министерство утврдени со Законот за спорт.

Член 11

Член на ТСФМ се брише од книгата на членови по службена должност, кога престанува статусот на член на ТСК, во согласност со Законот за спорт и статутот на ТСФМ.
Податоците за членот на ТСФМ се бришат од книгата на членови со прешкртување на неговиот евидентен лист со две паралелни коси црвени линии и со вметнување на евидентниот лист во збирката на документи.

Член 12

Претседателот на ТСФМ се грижи за ажурирање и точно водење на книгата на членовите на ТСФМ.
Претседателот на ТСФМ назначува лице во ТСФМ кое е овластено да внесува податоци во книгата на членови.
ТСФМ ја проверува точноста на податоците внесени во книгата на членовите најмалку еднаш годишно.

Член 13

Овој правилник влегува во сила на денот на усвојување 14.10.2020 и се објавува на Веб - страница на ТСФМ.

Скопје, 14.10.2020

Претседател на ТСФМ
Влатко Павлески

Образец 1

**ТАНЦОВА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# КНИГА НА ЧЛЕНОВИ
# НА ТСФМ

Образец 2
Евидентен лист на членот на ТСФМ – ПРАВНО ЛИЦЕ

**ТАНЦОВА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
23 Октомври 1а /5 /лок.1
Тел: 070 25 25 65 / 070 888317 , E-mail: madsf@t.mk ; madsf.president@t.mk

# ОБРАЗЕЦ на ПОДАТОЦИ
## за Танцов Спортски Клуб

| | |
|---|---|
| 1. Танцов Спортски Клуб | Полно име<br>Скратено име |
| 2. седиште (според тековна состојба) | |
| 3. ЕМБС | |
| 4. ЕДБ | |
| 5. е – mail на клубот | |
| 6. WEB адреса | |
| 7. Основна трансакциска сметка<br>Банка Депонент | |
| 8. Наменска трансакциска сметка<br>Банка Депонент | |
| 9. Број за контакт | |
| 10.Впишување во Централен регистер: | Број во регистер:<br>Број и датум на решение: |
| 11. Вид на Здружение | - спортско здружение,<br>- спортско друштво,<br>- друго здружение,<br>- федерација од областа на спортот,<br>- друга организација |
| 12. Шифра на дејност | |
| 13. Датум на усвоен СТАТУТ | |
| 14. Претседател | |
| - адреса на живеење | |
| - број на л.к. | |
| - Број на мобилен | |
| - e-mail | |
| 15. Број на вработени: | Вкупен број на невработени:<br>Вкупен број на вработени:<br>Број на вработени на неопределено време: |

| | |
|---|---|
| | Број на вработени на определено време:<br>Број на вработени со договор:<br>Број на вработени со ССП:<br>Број на вработени со ВСП:<br>Број на вработени според законот за спорт: |
| 16. Датум на прием во членство на ТСФМ | |
| 17. Датум на престанок во членство на ТСФМ | |
| 18. Изречени Дисциплински казни | |
| 19. НАПОМЕНА | |

Со својот потпис потврдувам:

- дека впишаните податоци се точни и за сите измени благовремено ке бидете обавестени.

Датум  на внесување на податоците: -----------------------------------

Извор на податоците: ---------------------------------------

Претседател на ТСК: ТСФМ

М.П. М.П.

Образец 3

Евидентен лист на членот на ТСФМ – ФИЗИЧКО ЛИЦЕ

**ТАНЦОВА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

23 Октомври 1а /5 /лок.1

Тел: 070 25 25 65 / 070 888317 , E-mail: madsf@t.mk ; madsf.president@t.mk

# ОБРАЗЕЦ на ПОДАТОЦИ
## за физичко лице

| | |
|---|---|
| 1. Име, татково име, презиме | |
| 2. Датум на раѓање | |
| 3. ЕМБС | |
| 4. Државјанство | |
| 5. Адреса на постојан или привремен престој | |
| 6. Број на мобилен за контакт | |
| 7. Број на лична карта или пасош | |
| 8. Избор во телата на ТСФМ<br>Датум на избирање<br>Датум на престанок | |
| 9. Датум на членство | |
| 10. Вид на членство | - Член на ТСК - Индивидуален член |
| 11. Состојба во ТСК | - невработен - вработен |
| 12. Ангажман во ТСК | - Претседател на ТСК<br>- Делегат во собрание во ТСФМ<br>- инструктор / тренер без лиценца<br>- инструктор со лиценца (ОСНОВНА)<br>- тренер со лиценца (ПРОФИ–МАСТЕР–СПЕЦИЈАЛИСТ)<br>- судија со лиценца Ц – Б – А – ГЛАВЕН СУДИЈА<br>- друго |
| 13. датум на престанок на членство во ТСФМ | |
| 14. Изречени дисциплински мерки | |
| 15. НАПОМЕНА | |

Со својот потпис потврдувам:

- дека впишаните податоци се точни и за сите измени благовремено ќе бидете обавестени.

Датум на внесување на податоците: -----------------------------------

Потпис : ТСФМ